**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ПРЕДАВАЧ ЗА ПРЕДМЕТИТЕ**

ПРЕТПРИЕМНИШТВО, ГЛОБАЛНА ЕКОНОМИЈА МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА **НА ВСШ „ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА“ ВО СКОПЈЕ**

Со Одлука од 20.05.2011 год. донесена на седница на Наставничкиот совет на ВСШ „Факултет за бизнис економија“, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на предавач за наставно-научна област маркетинг на ВСШ „Факултет за бизнис економија“
Конкурсот за овој избор беше објавен во весникот „Време“, на 21/04/2011 год., и во предвидениот рок се пријави кандидатот, м-р Ивана Никифоровска за следните предмети: ПРЕТПРИЕМНИШТВО, ГЛОБАЛНА ЕКОНОМИЈА МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА.

Врз основа на приложената документација и нашето познавање на кандидатот, чест ни е на Наставничкиот совет на ВСШ’’Факултет за бизнис економија’’да му го поднесеме следниот извештај:

**Образование**
Ивана Никифоровска магистрирала на Универзитет "Св. Кирил и Методиј” Економски институт – Скопје во Март 2011, додека дипломирала на Универзитет "Св. Кирил и Методиј” Економски факултет, Скопје во 2006 година

**Работно искуство**
1. Јануари 2011 – во тек: *Необизнис Фондација* –Скопје, Финансиски координатор
2. Мај 2011 - во тек: *Необизнис Фондација* – Скопје, Директор
3. Јануари 2009 – во тек: *Факултет за бизнис економија*, - Раководител на финансиска администрација и одговорна за финансии и раководење со администрацијата
4. Август 2006 – во тек: *Факултет за бизнис економија,* Наставен асистент по предметите: меѓународна економија, основи на економија (микроекономија и макроекономија), регионална економија и претприемништво
5. Декември 2005 – Јуни 2006: *Институт Евро Балкан,* Асистент во финансии

**Професионално искуство**

Проекти

*1.* Јануари 2011 – во тек: GTZ
*Енергетски Ефикасни Јавни Услуги на Локално Ниво* - Проектот цели да ја подобри енергетската ефикасност при извршувањето на јавните услуги на локално ниво преку процес на обука и техничка помош на раководители од локалната самоуправа за можностите, Експерт
*2. Анализа на потребите за Регионален Рурален Развој (РРД)* – собирање информации за потребите за градење на капацитети на главните заинтересирани

страни вклучени во РРД во Македонија директно од клучните лица од сите 8 региони во Македонија и национални институции одговорни за регионален развој и подготовка на финален извештај со препораки.

**Професионален развој**

- Ноември 2009 – Март 2011 проектен координатор на проектот*: "Германски енергетски центар за обновлива енергија и инергетска ефикасност"* GTZ
- 2010 – Помлад експерт на Агенција за поддршка на претприемништвото на РМ
- 2010 Април – помлад експерт на проектот на UNDP *"Самовработување"*
- 2010 – Четири модули од ToT (Training of Trainers) за Регионален економски развој организирано од страна на Inwent, GTZ – RED, Македонија
- Декември 2009 – Семинар за Seminar Соларна енергија организиран од страна на GTZ
- Септември 2009 – 15та Меѓународна летна школа во Червиа "По проширувањето. Поширока Европа и новото соседство" – Одржливост: новите граници на економскиот развој и заштитата на околината
- 2008 Предавач на Охридскиот летен универзитет 2008 "Глобална економија и креативни индустрии"

**Членство во професионални организации**

Фондација Ново образование за бизнис (Необизнис) – финансиски координатор, подготовка на финансиски извештаи

**Вештини**

Раководење со проекти, само-мотивираност, креативност, ориентираност кон тимска работа, подготовка на презентации и презентирање, комуникациски способности, способност за работа под притисок, организациски способности

**Јазици**

Македонски, Англиски, Германски, основен Албански, Српски

**Работа со компјутери**

Сертификат за Excel и Word (Microsoft Office Suite) 2004, Power Point

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Според Законот за високото образование и Статутот на ВСШ „Факултет за бизнис економија", како и од покажаните резултати во наставно-образовната и научноистражувачката дејност. Комисијата констатира дека кандидатот м-р Ивана Никифоровска има потенцијали за развој во професијата.

Согласно Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставни и соработнички звања на ВСШ „Факултет за бизнис економија", кандидатот м-р Ивана Никифоровска ги има остварено следниве поени кои се однесуваат на целокупната активност (НО+НИ +САОР):

– наставно-образовна (НО) = 35;
– научноистражувачка (НИ) =15;
– стручно-апликативна и организациско-развојна (САОР) = 30;
– вкупна актива (НО+НИ +САОР): = 85 поени.

Според Правилникот за критериуми и постапка за избор во наставни и соработнички звања на ВСШ школа „Факултет за бизнис економија“, кандидатот м-р Ивана Никифоровска ги исполнува критериумите за избор во наставно звање предавач во областа ПРЕТПРИЕМНИШТВО, ГЛОБАЛНА ЕКОНОМИЈА МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Весна Стојанова– претседател, с.р.

Проф. д-р Благоја Наневски – член, с.р.

Проф. д-р Агис Шајноски – член, с.р.